УНИБанка
Твојата Банка

Врз основа на член 41 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје и Одлуката за издавање на капитален инструмент по пат на приватна понуда (Прва емисија на перпетуални обврзници) бр.0201/6-2 на 11.01.2019 година, Собранието на акционери на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје (во натамошниот текст: Банката), на седницата одржана на ден 04.05.2023 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**

1. Се одобрува исплата на камата по каматна стапка од 9% на годишно ниво на имателите на перпетуални обврзници со ИСИН бр.MKBLBA200011, Прва емисија на перпетуални обврзници, сметано од датумот на последната исплата на полугодишна камата, односно од 22.01.2023 година, вклучително и 22.01.2023 година.

Износот на камата која се плаќа се пресметува врз основа на конвенција ACT/ACT (ICMA) (реален број на денови во периодот поделен со реалниот број на денови во годината).

Пресметаната камата да се исплати на платежна сметка на секој од имателите на обврзниците полугодишно и тоа на ден 22.07.2023 година и на ден 22.01.2024 година. Ако утврдениот ден за исплата на каматата е неработен ден, тогаш истата ќе се исплати на првиот работен ден што следува.

Каматата се исплаќа од добивката која е расположлива за распределба, при што плаќањето се врши и ако добивката не е ревидирана од овластен ревизор.

Каматата се пресметува во евра, а се исплаќа во денари по среден курс на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата.

На денот на исплата на каматата, Банката од бруто износот на каматата ќе ги одземе и ќе ги плати сите даноци согласно постоечката законска регулатива во РСМ.

2. Да се известат имателите на обврзниците за денот и начинот на исплата на каматата согласно точка 1 од оваа Одлука.

3. Се овластува Надзорниот одбор на Банката да врши измени и дополнување на оваа Одлука доколку е потребно за успешно спроведување на истата.

СО.број:0201/4-7/2023
04.05.2023 година

СОБРАНИЕ
ПРЕТСЕДАВАЧ